Пешакот е должен при преминување на коловозот да се движи по обележан пешачки премин, освен ако пешачкиот премин од него:

- ☐ е оддалечен повеке од 50 метри
- ☐ е оддалечен повеке од 70 метри
- ☐ е оддалечен повеке од 100 метри

4 поени

297. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

„Престигнување“ е минување со возило покрај друг учесник во патниот сообраќај:

- ☐ кој се движи во иста насока по иста сообраќајна лента
- ☐ кој се движи од спротивна насока по истиот коловоз
- ☐ кој се движи покрај запрено или паркирано возило

4 поени

298. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

На јавен пат на кој не постои тротоар, пешаците можат да се движат по коловозот и притоа смеат да користат:

- ☐ најмногу 1 метар широк дел од коловозот, сметано од неговиот раб
- ☐ најмногу 1,6 метри широк дел од коловозот
- ☐ најмногу половина метар широк дел од работ на коловозот

4 поени

299. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

На дел од коловозот на кој сообраќајот се одвива во две насоки, возачот не смее да врши престигнување:

- ☐ во непрегледна кривина и преку полна линија
- ☐ кога возачот пред него со десен трепкач се исклучува со возилото од сообраќај
- ☐ доколку има испрекината линија од неговата лева страна

4 поени

300. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Според ситуацијата прикажана на сликата, велосипедистите се движат:

- ☐ прописно
- ☐ непрописно,бидејќи треба да се движат еден по друг
- ☐ правилно, бидејќи нема велосипедска патека

4 поени

301. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Возилата означени со броевите 1 и 2 (како на сликата) на крстосницата можат да продолжат со движењето:

- ☐ во насока право
- ☐ во насока право и лево
- ☐ во насока лево

4 поени

302. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Возачот на товарното возило (како на сликата) за време додека го престигнувате:

- ☐ не смее да ја зголемува брзината на движење
- ☐ должен е да ја намали брзината на движење
- ☐ должен е да го вклучи десниот трепкач и да ја намали брзината на движење за 20 км/ч

4 поени

303. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Велосипед на пат, може да управува лице кое наполнило:

- ☐ 7 години возраст
- ☐ 8 години возраст
- ☐ 10 години возраст

4 поени

304. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Возачот на патничкото возило, кој свртува на страничен пат (како на сликата) должен е:

- ☐ да ги пропушти пешаците кои стапнале на пешачкиот премин
- ☐ да ги предупреди пешаците со звучен сигнал и да продолжи со движењето
- ☐ да го помести возилото кон десно и да помине пред пешаците

4 поени

305. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Според ситуацијата како на сликата, возачот на патничкиот автомобил:

- ☐ правилно е запрен за да го пропушти пешакот
- ☐ неправилно е запрен за да го пропушти пешакот
- ☐ правилно е запрен, бидејќи има доволно простор на пешачкиот премин за да помине пешакот

4 поени

306. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)



Според ситуацијата прикажана на сликата, возачот на возилото на полицијата:

- ☐ треба да го пропушти возилото на противпожарната служба
- ☐ може да сврти налево пред возилото на противпожарната служба
- ☐ по договор ќе се размине со возилото на противпожарната служба

4 поени

307. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)



Редоследот на минување на возилата на крстосницата (како на сликата) е регулиран, според:

- ☐ поставените сообраќајни знаци пред крстосницата
- ☐ правилото за пропуштање на возило што наидува од десната страна
- ☐ одредбите за првенство на минување на возила кога со посебни уреди даваат светлосни и звучни знаци

4 поени

308. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

На обележан пешачки премин, на кој сообраќајот не е регулиран со светлосни сообраќајни знаци (како на сликата), пешакот:

- ☐ пред стапнување на пешачкиот премин, должен е да обрне внимание на возилата што му се доближуваат
- ☐ може слободно да стапне на пешачкиот премин, бидејќи возилата треба да го пропуштат
- ☐ не треба да води сметка за оддалеченоста и за брзината на возилата што се доближуваат кон пешачкиот премин

4 поени

309. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Патот по кој што се движи возилото (како на сликата) претставува:

- ☐ пат резервиран за сообраќај на моторни возила
- ☐ магистрален пат
- ☐ некатегоризиран пат

4 поени

310. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Возачот на возилото, кога се доближува кон обележан пешачки премин (како на сликата), должен е:

- ☐ да запре и да го пропушти пешакот кој стапнува на пешачкиот премин
- ☐ да забрза со движењето и да помине пред пешакот
- ☐ да употреби звучен знак за предупредување и да продолжи со движењето

4 поени

311. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Според ситуацијата прикажана на сликата, возачот на возилото на полицијата кој се доближува кон обележан пешачки премин:

- ☐ должен е да запре за да го пропушти пешакот
- ☐ може да продолжи со движењето и да помине пред пешакот
- ☐ должен е со звучен сигнал да го предупреди пешакот и да продолжи со движењето

4 поени

312. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Возилото со број 1 прикажано на сликата, за да продолжи со движење во насока лево, пред крстосницата врши престројување:

- ☐ прописно
- ☐ непрописно
- ☐ прописно, бидејќи нема возила зад него, од неговата лева страна

4 поени

313. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

На јавен пат во населено место, возачот на возилото означено со број 1 (како на сликата), се движи:

- ☐ со брзина која се препорачува за тој дел од патот
- ☐ со брзина помала од ограничената за тој дел од патот
- ☐ со брзина поголема од ограничената на тој дел од патот

4 поени

314. (кат. А,А1,Б)

Според ситуацијата како на сликата, возачот на патничкиот автомобил кој се доближува кон пешачкиот премин, должен е:

- ☐ да го запре возилото и да го пропушти пешакот
- ☐ да забрза и да го обиколи пешакот
- ☐ со звучен знак да го предупреди пешакот

4 поени

315. (кат. А,А1,Б)

На сликата е претставен пат на кој сообраќајот се одвива:

- ☐ во двете насоки
- ☐ во една насока
- ☐ со наизменично пропуштање на возилата

4 поени

316. (кат. А,А1,Б)

Според ситуацијата прикажана на сликата, при разминување:

- ☐ должни сте да го пропуштите возилото од спротивната насока
- ☐ имате првенство на минување во однос на возилото од спротивната насока
- ☐ разминувањето ќе го извршите со меѓусебен договор

4 поени

317. (кат. А,А1,Б)

Според ситуацијата прикажана на сликата кога еден од велосипедистите ја најавил својата намера за промена на правецот во насока лево, Вие со возилото:

- ☐ смеете да ги престигнувате велосипедистите
- ☐ не смеете да ги престигнувате велосипедистите
- ☐ смеете да престигнувате, откако со звучен знак ќе ги предупредите велосипедистите

4 поени

318. (кат. А,А1,Б)

Според ситуацијата на сликата, патничкиот автомобил:

- ☐ може да сврти надесно пред велосипедистот
- ☐ не смее да сврти надесно
- ☐ може да сврти надесно, откако ќе го пропушти велосипедистот

4 поени

319. (кат. А,А1,Б)

„Разминување“ е минување со возило покрај друго возило кое се движи:

- ☐ по истиот коловоз од спротивната насока
- ☐ во иста насока по иста коловозна лента
- ☐ во иста насока по иста сообраќајна лента

4 поени

320. (кат. А,А1,Б)

Пред влегување во тунел, возачот треба да ги има вклучено на возилото:

- ☐ долгите светла
- ☐ позиционите светла за означување на возилото
- ☐ соборените светла

4 поени

321. (кат. А,А1,Б)

Разминувањето на возилата (како на сликата) е регулирано:

- ☐ според правилото од десна страна
- ☐ по договор на возачите
- ☐ според поставените сообраќајни знаци

4 поени

322. (кат. А,А1,Б)

Возачот на патничкото возило означено со број 1 прикажано на сликата, го паркирал своето возило на коловоз наменет за сообраќај во двете насоки:

- ☐ прописно
- ☐ правилно, доколку живее на таа адреса
- ☐ непрописно

4 поени

323. (кат. А,А1,Б)

Според поставените сообраќајни знаци од десната страна на патот (како на сликата), возачот на патничкото возило:

- ☐ наидува на кривина надесно и се вклучува на пат резервиран за сообраќај на моторни возила
- ☐ наидува на кривина надесно и се вклучува на автопат
- ☐ наидува на кривина налево и се исклучува од пат резервиран за сообраќај на моторни возила

4 поени

324. (кат. А,А1,Б)

Според ситуацијата прикажана на сликата, возачот го паркирал патничкото возило:

- ☐ прописно, бидејќи во близина нема паркинг простор
- ☐ прописно, бидејќи не го попречува одвивањето на сообраќајот
- ☐ непрописно, на зелена површина

4 поени

325. (кат. А,А1,Б)

Според ситуацијата прикажана на сликата, возачот на патничкото возило со број 1, на овој дел од патот:

- ☐ прописно го паркирал своето возило
- ☐ прописно го паркирал возилото надвор од коловозот
- ☐ непрописно го паркирал своето возило

4 поени

326. (кат. А,А1,Б)

Возачот кој со моторно возило се исклучува од сообраќај на автопат, должен е:

- ☐ да ја користи посебната лента за забрзување
- ☐ да ја користи лентата за принудно запирање
- ☐ да ја користи посебната лента за забавување

4 поени

327. (кат. А,А1,Б)

Според ситуацијата прикажана на сликата:

- ☐ се вклучувате во сообраќај на автопат
- ☐ се вклучувате на пат резервиран за сообраќај на моторни возила
- ☐ се исклучувате од сообраќај на автопат

4 поени

328. (кат. А,А1,Б)

На дел од патот наменет за сообраќај во две насоки прикажан на сликата, патничкото возило означено со број 1 запрено е:

- ☐ правилно пред пешачкиот премин за да ги пропушти пешаците
- ☐ правилно покрај левиот раб на коловозот во правецот на движење
- ☐ неправилно

4 поени

329. (кат. А,А1,Б)

Според прикажаната ситуација на сликата, возачот на патничкото возило:

- ☐ може да паркира на паркинг место наменето за лица со посебни потреби
- ☐ не смее да паркира на обележано паркинг место за лица со посебни потреби
- ☐ смее да го паркира возилото на начин како на сликата, доколку нема други слободни места за паркирање

4 поени

330. (кат. А,А1,Б)

На дел од патот прикажан како на сликата, возилото означено со број 1:

- ☐ правилно е запрено, односно паркирано
- ☐ неправилно е запрено, односно паркирано
- ☐ неправилно е паркирано, бидејќи ги нема вклучено трепкачите

4 поени

331. (кат. А,А1,Б)

На дел од патот наменет за сообраќај во двете насоки, возилото означено со број 1 (како на сликата)паркирано е:

- ☐ прописно, покрај десниот раб на коловозот
- ☐ непрописно
- ☐ правилно, бидејќи не претставува пречка за нормално одвивање на сообраќајот

4 поени

332. (кат. Б)

На дел од патот прикажан на сликата:

- ☐ дозволено е наизменично паркирање
- ☐ забрането е паркирање покрај десниот и левиот раб на коловозот
- ☐ забрането е запирање и паркирање покрај десниот раб на коловозот

4 поени

333. (кат. Б)

На дел од коловозот (прикажан на сликата), наменет за сообраќај во двете насоки, правилно е запрено односно паркирано возилото:

- ☐ со број 3
- ☐ со број 2
- ☐ со број 1

4 поени

334. (кат. Б)

Според ситуацијата прикажана на сликата, возачот на возилото означено со број 1, на овој дел од патот:

- ☐ правилно е паркиран, бидејќи оставил простор за движење на пешаците
- ☐ смее да запира, само до 3 минути
- ☐ не смее да запира и паркира

4 поени

335. (кат. Б)

Патничкиот автомобил (како на сликата) е паркиран на овој дел од патот:

- ☐ прописно
- ☐ правилно, бидејќи со десните тркала е надвор од коловозот
- ☐ непрописно

4 поени

336. (кат. Б)

Возачот не смее да запре или паркира возило пред и зад ознаката за автобуско стојалиште:

- ☐ на оддалеченост помала од 5 метри
- ☐ на оддалеченост помала од 10 метри
- ☐ на оддалеченост помала од 15 метри

4 поени

337. (кат. Б)

При движењето наназад, возачот на возилото (прикажано на сликата) треба да дава светлосни знаци:

- ☐ со левиот покажувач на правецот
- ☐ со десниот покажувач на правецот
- ☐ со двата покажувачи на правецот истовремено

4 поени

338. (кат. Б)

„Запирање на возило” е прекин на движењето на возилото на патот во траење до:

- ☐ 15 минути
- ☐ 5 минути
- ☐ 3 минути

4 поени

339. (кат. Б)

Возачот кој е застанат на коловоз како на сликата и има намера да се движи наназад, движењето ќе го изврши:

- ☐ по левата страна од коловозот
- ☐ по онаа страна од коловозот, по која се движел дотогаш нанапред
- ☐ по десната или левата страна од коловозот

4 поени

340. (кат. Б)

Според ситуацијата прикажана на сликата, лицето кое се превезува во просторот определен за сместување на товар во возилото:

- ☐ прописно се превезува, бидејќи е седнат на товарот
- ☐ прописно се превезува, бидејќи го придржува товарот да не се растури
- ☐ непрописно се превезува на нестабилен товар, кој што ја преминува висината на товарниот сандак

4 поени

341. (кат. Б)

Возачот на патничкото возило означено со број 1, на дел од патот прикажан на сликата:

- ☐ смее да запре, а не смее да паркира
- ☐ не смее да запира и паркира
- ☐ не смее само да запре, а смее да паркира

4 поени

342. (кат. Б)

Возачот на патничкото возило, на дел од патот под мост, прикажан на сликата:

- ☐ не смее да запре или паркира со возилото
- ☐ смее да запре, но не смее да паркира со возилото
- ☐ смее да паркира со возилото, доколку патот е поширок од три метри

4 поени

343. (кат. Б)

Возачот на патничкото возило означено со број 1, на сообраќајната површина наменета за паркирање на возила:

- ☐ правилно извршил косо паркирање со возилото
- ☐ прописно паркирал, бидејќи има доволно слободни места за паркирање
- ☐ непрописно го паркирал возилото во определениот простор

4 поени

344. (кат. Б)

На дел од јавен пат, мост или надвозник прикажан на сликата, возачот на патничкото возило:

- ☐ смее да запре, а не смее да паркира
- ☐ не смее да запира и паркира
- ☐ смее само да паркира

4 поени

345. (кат. Б)

Возачот не смее да запре или паркира возило, ако ширината на слободниот премин од возилото до полната надолжна линија на коловозот е:

- ☐ помала од 2 метри
- ☐ помала од 2,5 метри
- ☐ помала од 3 метри

4 поени

346. (кат. Б)

Посебниот знак со кој се означува запрено возило на непрегледен дел од патот надвор од населено место (како на сликата) се поставува на коловозот, зад запреното возило:

- ☐ на доволна оддалеченост, која не може да биде помала од 30 метри
- ☐ на доволна оддалеченост, која не може да биде помала од 40 метри
- ☐ на доволна оддалеченост, која не може да биде помала од 50 метри

4 поени

347. (кат. Б)

Според ситуацијата прикажана на сликата, возачите на мотоцикли принудно се запрени на коловозот:

- ☐ прописно
- ☐ непрописно на лентата за бавно движење
- ☐ непрописно

4 поени

348. (кат. Б)

Во приклучно возило што го влече трактор, може да се превезуваат:

- ☐ до пет лица
- ☐ до седум лица
- ☐ до осум лица

4 поени

349. (кат. Б)

Уредот за спојување на влечното и приклучното возило (прикажан на сликата) кај патничките автомобили, има:

- ☐ кукест облик
- ☐ конусен облик
- ☐ топчест облик

4 поени

350. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Според ситуацијата како на сликата, возачот на патничкото возило:

- ☐ должен е со звучен сигнал да го предупреди автобусот и да забрза со движењето
- ☐ должен е да му овозможи вклучување во сообраќај на возилото на јавен градски превоз
- ☐ нема обврска да го пропушти автобусот

4 поени

351. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

На овој дел од патот за сообраќај на возила во две насоки (како на сликата) престигнувањето:

- ☐ е дозволено
- ☐ не е дозволено
- ☐ не е дозволено за возила над 7.500 кг.

4 поени

352. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Велосипедистот прикажан на сликата, должен е да продолжи да се движи:

- ☐ што поблиску до десниот раб на коловозот
- ☐ по велосипедската патека
- ☐ покрај левиот раб на коловозот, во правец на движењето

4 поени

353. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Возачите на возилата, кои доаѓаат од спротивни насоки и свртуваат налево (како на сликата) разминувањето ќе го извршат:

- ☐ од својата лева страна
- ☐ од својата десна страна
- ☐ по договор

4 поени

354. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Велосипедистот прикажан на сликата, се движи:

- ☐ правилно, бидејќи се движи покрај десниот раб на коловозот
- ☐ неправилно, бидејќи треба да се движи покрај левиот раб на коловозот
- ☐ непрописно, бидејќи треба да се движи по тротоар

4 поени

355. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Возилата прикажани на сликата се движат:

- ☐ непрописно, бидејќи доаѓаат од правец на кој со сообраќаен знак им е забрането движење
- ☐ од правец забранет за сообраќај во двете насоки
- ☐ прописно, бидејќи доаѓаат од насока во која им е дозволено движењето

4 поени

356. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Според ситуацијата прикажана на сликата, правилна положба за минување на крстосницата има завземено возилото:

- ☐ со број 1
- ☐ со број 2
- ☐ со број 1 и возилото со број 2

4 поени

357. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Сообраќајниот знак прикажан на сликата, значи:

- ☐ забранет сообраќај во двете насоки
- ☐ забранет сообраќај во една насока
- ☐ забрана за паркирање

4 поени

358. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Возачот и лицето кое се превезува со мопедот прикажани на сликата, за време на возењето:

- ☐ задолжително треба да носат заштитен шлем на главата
- ☐ само возачот на мопедот треба да носи заштитен шлем на главата
- ☐ немаат обврска да носат заштитен шлем на главата во населено место

4 поени

359. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Лицето кое се движи со помош на подвижен стол, со брзина не поголема од пешачкиот од, по исклучок може да се движи и по:

- ☐ тротоар
- ☐ велосипедска патека
- ☐ сообраќајна лента обележана со жолта надолжна линија

4 поени

360. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

На јавен пат надвор од населено место (како на сликата) велосипедистите се движат:

- ☐ непрописно, бидејќи треба да се движат до левиот раб на коловозот во правецот на движење
- ☐ прописно, еден по друг до десниот раб на коловозот во правецот на движење
- ☐ непрописно, бидејќи треба да се движат на средина од сообраќајната лента

4 поени

361. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Пешакот кој се движи по коловоз на јавен надвор од населено место, должен е да се движи:

- ☐ по левиот раб на коловозот во правецот на движење
- ☐ по десниот раб на коловозот во правецот на движење
- ☐ не е пропишано

4 поени

362. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Според ситуацијата прикажана на сликата, возачот на патничкото возило не смее да го превезува детето помало од 12 години на предното седиште и:

- ☐ може да го превезува животното, бидејќи е сместено на задното седиште
- ☐ смее да го превезува животното, бидејќи е под надзор на сопственикот
- ☐ не смее да го превезува животното без заштитна кутија

4 поени

363. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Возачот на мотоциклот (како на сликата), врши обиколување на возилата:

- ☐ прописно, бидејќи нема возила од спротивната насока
- ☐ прописно, бидејќи мотоциклот е без бочна приколка
- ☐ непрописно

4 поени

364. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Во сообраќај на пат, на приколка што ја влече велосипед со мотор (како на сликата):

- ☐ може да се превезува едно лице
- ☐ може да се превезуваат до три лица
- ☐ не смеат да се превезуваат лица

4 поени

365. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Лицето кое се движи со помош на подвижен стол за немоќни лица (како на сликата), треба да се движи:

- ☐ до десниот раб на коловозот во правецот на движењето
- ☐ до левиот раб на коловозот во правецот на движењето
- ☐ по средината на сообраќајната лента

4 поени

366. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Возачот на запрежното возило, кое се движи зад друго запрежно возило на пат со изграден коловоз (како на сликата), должен е да држи растојание од најмалку:

- ☐ 60 метри од запрежното возило кое се движи пред него
- ☐ 80 метри од запрежното возило кое се движи пред него
- ☐ 100 метри од запрежното возило кое се движи пред него

4 поени

367. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Според ситуацијата прикажана на сликата, велосипедистот:

- ☐ се движи прописно по тротоарот, бидејќи нема велосипедска патека
- ☐ се движи непрописно бидејќи е должен да се движи покрај десниот раб на коловозот во правецот на движење
- ☐ должен е да се движи покрај левиот раб на коловозот во правецот на движење

4 поени

368. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Возилото прикажано на сликата се вклучува на бочниот пат:

- ☐ прописно, бидејќи нема возила од спротивниот правец
- ☐ непрописно, бидејќи се вклучува на пат забранет за сообраќај во двете насоки
- ☐ правилно, бидејки нема хоризонтална сигнализација

4 поени

369. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

На прегледноста на возачот пред возилото за време на управувањето, најмногу влијае:

- ☐ димензијата (габаритот) и видот на возилото пред возачот
- ☐ прилагодеността на возачките огледала
- ☐ прилагодеността на пневматиците кон состојбата на патот

4 поени

370. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Лицето кое наполнило 14 години возраст, го исполнува условот за стекнување на право на управување со:

- ☐ мотоцикл што спаѓа во поткатегорија “А1“
- ☐ трактор во национална категорија “Ф“
- ☐ велосипед со помошен мотор и мопед во национална категорија “М“

4 поени

371. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Возилото означено со број 1 како на сликата, се вклучува:

- ☐ на спореден пат
- ☐ на пат со иста важност
- ☐ на пат со првенство на минување

4 поени

372. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Возачот на патничкиот автомобил (прикажан на сликата) при излегување од возилото:

- ☐ должен е да внимава на мотоциклистот
- ☐ нема обврска да внимава кон мотоциклистот
- ☐ може да ја отвори вратата, бидејќи мотоциклистот е должен да запре

4 поени

373. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

За возилата кои се движат кон сообраќајниот знак прикажан на сликата, сообраќајот е:

- ☐ забранет во двете насоки
- ☐ забранет во една насока
- ☐ дозволен во двете насоки

4 поени

374. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Возилата кои се прикажани на сликата, доаѓаат од:

- ☐ пат забранет за сообраќај во двете насоки
- ☐ пат со еднонасочен сообраќај
- ☐ пат наменет за сообраќај во двете насоки

4 поени

375. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

За време на движење со возилото во тунел, полукружно свртување:

- ☐ е дозволено
- ☐ не е дозволено
- ☐ дозволено е, доколку се вклучени сите трепкачи

4 поени

376. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)



Кога со возилото се приближувате кон крстосница (како на сликата), со намера да извршите свртување надесно:

- ☐ должни сте да ги пропуштите пешаците кои минуваат на пешачкиот премин
- ☐ може да поминете пред пешаците, бидејќи имате слободен премин со дополнителната светлечка стрелка на семафорот
- ☐ должни сте да ги предупредите со звучен знак пешаците и да продолжите со движењето

4 поени

377. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

За време на дожд, на површината на коловозот се создава лизгав слој, кој придонесува за намалување на триењето помеѓу пневматиците на возилото и асфалтната подлога, што:

- ☐ неповолно влијае врз стабилноста на возилото
- ☐ неповолно влијае на потрошувачката на горивото
- ☐ нема никакво влијание при управувањето со возилото

4 поени

378. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Во приклучно возило што го влече мотокултиватор (како на сликата) може да се превезуваат:

- ☐ до пет лица, кои вршат земјоделски работи
- ☐ до четири лица, кои вршат земјоделски работи
- ☐ до три лица, кои вршат земјоделски работи

4 поени

379. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Според знакот кој го дава униформираниот полициски службеник (како на сликата), возилата означени со броевите 1, 2 и 3:

- ☐ не смеат да продолжат со движењето во насока право
- ☐ мораат да продолжат со движењето во насока на испружената рака
- ☐ можат да продолжат со движењето во насока право

4 поени

380. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

При движење со возилото по снег или голомразица (како на сликата), возачот треба:

- ☐ да ја одржува константна брзината на движењето и да одбегнува нагли реагирања и движења со командите и управувачкото тркало
- ☐ да се движи со возилото со најголем степен на пренос
- ☐ да се движи со возилото со што почести и долги притискања на педалата на спојката

4 поени

381. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)



Според ситуацијата прикажана на сликата, редоследот на минување на возилата на крстосницата е регулиран според правилото за првенство на минување на:

- ☐ возило кое се движи по главен пат
- ☐ возило кое наидува од десна страна
- ☐ возило кое се движи со поголема брзина

4 поени

382. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Според знакот кој го дава униформираниот полициски службеник (како на сликата) возачот на патничкото возило:

- ☐ може да продолжи со движењето во насока право, бидејќи се наоѓа од бочна страна на полицаецот
- ☐ не смее да продолжи со движењето во насока право
- ☐ мора да продолжи со движењето во правецот на испружената рака на полицаецот

4 поени

383. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Возачите на мопеди прикажани на сликата, на овој дел од патот се движат:

- ☐ прописно во својата сообраќајната лента и не мораат да носат заштитен шлем на главата во населено место
- ☐ прописно, бидејќи не ја преминале двојната надолжна полна линија
- ☐ непрописно, бидејќи должни се да се движат еден по друг и задолжително да носат заштитен шлем на главата

4 поени

384. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)



Според правилата за првенство на минување, редоследот на минување на возилата на крстосницата прикажана на сликата, е следниот:

- ☐ 3 1 2
- ☐ 2 1 3
- ☐ 2 3 1

4 поени

385. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Кога со возилото се движите во насока право и се приближувате кон крстосница каде сообраќајот е регулиран со светлосни сообраќајни знаци, како на сликата:

- ☐ должни сте да запрете пред стоп линијата
- ☐ можете внимателно да продолжите со движењето
- ☐ треба да запрете и да причекате промена на црвеното светло на семафорот

4 поени

386. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Контрола и регулација на сообраќајот на патиштата врши:

- ☐ Министерството за транспорт и врски
- ☐ Министерството за внатрешни работи
- ☐ Агенцијата за државни патишта

2 поени

387. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Во категорија „Б“ спаѓаат моторни возила чија вкупна маса не надминува:

- ☐ 1500 кг
- ☐ 2500 кг
- ☐ 3500 кг
- ☐ 4500 кг

2 поени

388. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Во категорија „ А1“ спаѓаат мотоцикли,трицикли и четрицикли чија сила на моторот е поголема од 11 kw и работна зафатнина на моторот е поголема од:

- ☐ 50 cm3
- ☐ 125 cm3
- ☐ 150 cm3

2 поени

389. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
На јавен пат, во случај на дефект на возило на две тркала, истото:

- ☐ смее да се влече со друго моторно возило
- ☐ смее да се влече само со крута врска
- ☐ не смее да се влече со друго моторно возило

2 поени

390. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
На уредите за давање на светлосни сообраќајни знаци (семафори) црвениот и зелениот светлосен сигнал:

- ☐ не смеат да бидат вклучени истовремено
- ☐ смеат да бидат запалени истовремено
- ☐ смеат да бидат запалени истовремено, ако притоа зелениот светлосен сигнал трепка

2 поени

391. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Возачката дозвола ја издава:

- ☐ овластен испитен центар
- ☐ Министерството за внатрешни работи
- ☐ Министерството за транспорт и врски
- ☐ Министерството за образование и наука

2 поени

392. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Возачката дозвола се издава со рок на важење од:

- ☐ 5 години
- ☐ 10 години
- ☐ 15 години

2 поени

393. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

При издавање на возачка дозвола, заради впишување на негативни бодови за сторени прекршоци, надлежниот орган на возачот му издава и:

- ☐ сообраќајна книшка
- ☐ возачка книшка
- ☐ сообраќајна дозвола
- ☐ меѓународна возачка дозвола

2 поени

394. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Колкава е законската толеранција на алкохол во крвта кај возач-почетник:

- ☐ до 0,2 г/кг
- ☐ до 0,5 г/кг
- ☐ до 0,8 г/кг
- ☐ нема никаква толеранција

2 поени

395. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Колкава е законската толеранција на алкохол во крвта кај возачите кои управуваат возила за сопствени потреби:

- ☐ до 0,4 г/кг
- ☐ до 0,5 г/кг
- ☐ до 0,6 г/кг
- ☐ нема никаква толеранција

2 поени

396. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Како делува малата количина на алкохол во крвта кај возачот:

- ☐ ја намалува брзината на реакција
- ☐ ја зголемува ширината на видното поле
- ☐ го релаксира возачот и влијае за стабилно возење
- ☐ ја зголемува брзината на реакција

2 поени

397. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Возач-почетник не смее да управува со возило во патниот сообраќај, освен ако со него во возилото се наоѓа лице – возач постар од 25 години, на кој не му е изрекувана прекршочна санкција забрана за управување со моторно возило, во времето од:

- ☐ 21 часот до 06 часот
- ☐ 22 часот до 07 часот
- ☐ 23 часот до 05 часот

2 поени

398. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Возач-почетник кој поседува возачка дозвола од „Б“ категорија не смее:

- ☐ да управува со возилото надвор од населено место
- ☐ да управува со возилото на автопат
- ☐ да врши организиран превоз на деца

2 поени

399. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Што е локален пат:

- ☐ јавен пат што ги поврзува градовите
- ☐ јавен пат што поврзува населени места на територија на општината
- ☐ јавен пат што поврзува две држави

2 поени

400. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Што е регионален пат:

- ☐ јавен пат што поврзува економски подрачја на две или повеќе општини во РМ
- ☐ јавен пат што поврзува населби на територијата на општината
- ☐ јавен пат што поврзува две држави

2 поени

401. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Автобуското стојалиште во населено место, кое е обележано со сообраќаен знак и соодветна хоризонтална патна сигнализација, е наменето за застанување:

- ☐ само за автобуси на јавен градски превоз
- ☐ меѓу градски автобуси и такси возила
- ☐ автобуси и товарни возила

2 поени

402. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
“Зона на смирен сообраќај“ е подрачје во населено место обележано со пропишан сообраќаен знак, во кое нема ограничување на играта за деца и во кое возилата не смеат:

- ☐ да се движат со брзина помала од 40 км/час
- ☐ да се движат со брзина поголема од брзината на движење на пешаците
- ☐ да се движат со брзина помала од 30 км/час

2 поени

403. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Комбајн, земјоделски трактор, шумски трактор, ваљак, финишер, косачка и копач на ровови се моторни возила со сопствени уреди наменети за вршење на определени работи и спаѓаат во групата на:

- ☐ товарни возила
- ☐ кондиционирани возила
- ☐ мобилни машини

2 поени

404. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Замор от неповолно влијае врз психофизичките способности на возачот и за да се спречат несакани последици за време на возењето, најдобар лек за замор от е:

- ☐ користењето на психоактивни лекови
- ☐ земањето на антибиотици
- ☐ одморот

2 поени

405. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Одржување на спортски и други приредби на пат:

- ☐ не е дозволено
- ☐ дозволено е само по претходно добиено одобрение
- ☐ дозволено е само на некатегоризирани патишта

2 поени

406. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Кое дејствие со возилото не е дозволено, доколку се движите на пат со еднонасочен сообраќај?

- ☐ да се движите со возилото во спротивна насока
- ☐ да се движите со возилото наназад
- ☐ да вршите обиколување

2 поени

407. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Кога возилото за јавен градски превоз излегува од автобуско стојалиште и се вклучува во сообраќајната лента по која се движите со возилото, должни сте:

- ☐ да ја намалите брзината и да му овозможите на автобусот да се вклучи во сообраќај
- ☐ да го продолжите движењето,без разлика на знакот што го дава автобусот
- ☐ да ја зголемите брзината на движењето и да го одминете автобусот

2 поени

408. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Кое од наведениве дејствија, возачот не смее да ги изведува при управување со возилото на автопат:

- ☐ да врши обиколување
- ☐ да врши менување на сообраќајна лента
- ☐ да се движи наназад
- ☐ да врши престигнување

2 поени

409. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Од која страна ќе го престигнете возилото кое на коловозот завзело положба за свртување налево:

- ☐ од неговата десна страна, ако со сигурност може да се утврди дека дава знаци за свртување налево
- ☐ од неговата лева страна
- ☐ од неговата лева или десна страна со зголемено внимание
- ☐ не смее да се престигнува од десна страна

2 поени

410. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Дали е дозволено престигнување колона возила:

- ☐ да, доколку колоната се движи споро
- ☐ да, само доколку колоната се движи на прегледен пат
- ☐ не е дозволено

2 поени

411. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Престигнување на возило по правило се врши:

- ☐ од десната страна
- ☐ од левата страна
- ☐ не е пропишано во законот

2 поени

412. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Кога шините се поставени по средината на коловозот, шинското возило се престигнува:

- ☐ од лева страна
- ☐ од десна страна
- ☐ може од лева или од десна страна, бидејќи шинското возило е споро
- ☐ шинските возила не смеат да се престигнуваат

2 поени

413. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Ако на пат со еднонасочен сообраќај, на средина има поставено некој објект, уред или друга пречка, обиколувањето се врши:

- ☐ само од лева страна
- ☐ од лева или од десна страна
- ☐ само од десна страна

2 поени

414. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Слепи лица кои самостојно учествуваат во сообраќај, како знак за распознавање задолжително треба да носат:

- ☐ бел стап
- ☐ бела лента околу раката
- ☐ елек во жолта боја

2 поени

415. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
При движење со возило на пат, возачот:

- ☐ смее да пресекува организирана колона на пешаци
- ☐ не смее да пресекува организирана колона на пешаци која се движи по коловозот
- ☐ смее да пресекува колона на пешаци само доколку таа е подолга од 50 м

2 поени

416. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Возачот на велосипед, велосипед со помошен мотор, мопед и мотоцикл кој се вклучува во сообраќај од двор или гаража, должен е:

- ☐ да го турка возилото
- ☐ со возење да се вклучи во сообраќај
- ☐ не е должен да обрне внимание на останатите учесници во сообраќајот

2 поени

417. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Кој вид уред за работно сопирање најчесто се применува кај патничките моторни возила:

- ☐ механички
- ☐ пневматски (воздушен)
- ☐ хидрауличен

2 поени

418. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Ако на средина на пат со сообраќај во двете насоки, се наоѓа пешачки остров возачот на возилото задолжително го обиколува:

- ☐ од левата страна во правецот на движење
- ☐ од десната страна во правецот на движење
- ☐ од левата или од десната страна во правецот на движење

2 поени

419. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Под поимот “обиколување” подразбираме, минување со возилото:

- ☐ покрај друго возило кое се движи од спротивна насока на коловозот
- ☐ покрај друго возило кое се движи во иста насока на коловозот
- ☐ покрај запрено или паркирано возило или друг објект што се наоѓа на сообраќајната лента по која се движиме со возилото

2 поени

420. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

“Возила под придружба“ се возила кои се придружувани од припадници на полиција или воена полиција, со посебни моторни возила кои имаат уреди за давање на звучни и светлосни знаци во:

- ☐ сина и жолта боја
- ☐ сина боја
- ☐ црвена и сина боја

2 поени

421. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Движењето на пешаци на автопат е:

- ☐ дозволено
- ☐ забрането
- ☐ дозволено, само ако се движат во организирана колона

2 поени

422. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

При движење со возилото, не смеете нагло да користите сопирачка, често да менувате брзини или остро да свртувате со управувачкото тркало, кога наидувате на:

- ☐ голомразица и снег на коловозот
- ☐ голем надолжен наклон на патот
- ☐ земјен пат

2 поени

423. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

При управување со возилото на надолнина, за да ја намалиме брзината на движењето, секогаш кога имаме можност, користиме:

- ☐ сопирање со мотор
- ☐ сопирање со педалот на спојката (кумплунг)
- ☐ сопирање со помош на рачна сопирачка

2 поени

424. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Управувањето со моторно возило, кое има неисправен уред за одвод на гасови, кај возачот и лицата кои се превезуваат може да доведе до појава на:

- ☐ чувство на ведрина и добро расположение
- ☐ симптоми на труење со јаглерод моноксид и азотен оксид
- ☐ знаци на болка во рбетниот столб

2 поени

425. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Ширината на видното поле на возачот се намалува:

- ☐ со зголемување на брзината на движење на возилото
- ☐ кога се движи со возилото на пат со еднонасочен сообраќај
- ☐ кога се движи со возилото во населено место

2 поени

426. (кат. Б)

Со помош на јаже не смее да се влече патничко моторно возило, на кое не му се исправни уредите:

- ☐ за осветлување на патот
- ☐ за пренос-трансмисија
- ☐ за запирање

3 поени

427. (кат. Б)

Дали е дозволено влечење на неисправно возило на автопат:

- ☐ да, само со помош на крута врска
- ☐ да, доколку дефектот е настанат при движење по автопатот, но само до првиот приклучен пат
- ☐ да, доколку се влечат со брзина не поголема од 30 км/ч

3 поени

428. (кат. Б)
Катадиоптери во форма на рамностран триаголник, смеат да се вградуваат само на:

- ☐ мотоцикли
- ☐ приклучни возила
- ☐ патнички возила

3 поени

429. (кат. Б)
Обврската за врзување со сигурносни појаси додека возилото се движи во сообраќај на пат, важи:

- ☐ само за возачот
- ☐ само за возачот и лицето кое се превезува на предното седиште
- ☐ за сите лица што се наоѓаат во возилото каде што има вградено сигурносни појаси

3 поени

430. (кат. Б)
Доколку на возилото не му е исправен уредот за управување, истото ќе се влече:

- ☐ со помош на крута врска (руда)
- ☐ со помош на јаже
- ☐ со потпирање или бесење за влечното возило

3 поени

431. (кат. Б)
Растојанието меѓу влечното возило и влеченото возило, ако се влече со јаже изнесува:

- ☐ од 1 до 2 метри
- ☐ од 2 до 3 метри
- ☐ од 3 до 5 метри

3 поени

432. (кат. Б)
На автопат и на пат резервиран за сообраќај на моторни возила:

- ☐ смее да се вклучи возило кое влече друго возило
- ☐ не смее да се вклучи возило кое влече друго возило
- ☐ смее да се вклучи возило кое влече друго возило, ако се движи до првиот приклучен пат

3 поени

433. (кат. Б)
Најголема дозволена должина на патнички автомобил кој влече приколка за домување изнесува до:

- ☐ 6 метри
- ☐ 12 метри
- ☐ 15 метри

3 поени

434. (кат. Б)
Товарот на возилото не сме да ја помине најоддалечената точка на предната страна на возилото повеќе од:

- ☐ 1 метар
- ☐ 2 метри
- ☐ должината на возилото

3 поени

435. (кат. Б)
Која од наведената опрема не е дел од законски задолжителната опрема за патничките моторни возила:

- ☐ сигурносен рефлектирачки елек
- ☐ клинести подлошки
- ☐ резервни сијалици

3 поени

436. (кат. Б)
Во услови на магла, возачот на задниот дел од возилото треба да го има вклучено:

- ☐ задното светло за магла
- ☐ стоп светлата на возилото
- ☐ само трепкачките светла

3 поени

437. (кат. Б)
Која од наведената опрема не е дел од законски задолжителната опрема за патничките моторни возила:

- ☐ сигурносен триаголник
- ☐ чеканче за кршење на стакло
- ☐ кутија за прва помош

3 поени

438. (кат. Б)
Во камп приколка што ја влече патничко моторно возило:

- ☐ смее да се превезуваат лица
- ☐ не смее да се превезуваат лица
- ☐ смее да се превезуваат најмногу две лица под услов да се во лежечка положба

3 поени

439. (кат. Б)
На надворешните делови на моторното возило:

- ☐ смеат да се превезуваат лица, само до првиот приклучен пат
- ☐ смеат да се превезуваат само деца
- ☐ смеат да се превезуваат само лица кои работите на нивните работни места ги вршат на таков начин со возилото

3 поени

440. (кат. Б)

На автопат, посебната сообраќајна лента за забавување, е наменета:

- ☐ за движење на бавните тешки товарни моторни возила
- ☐ за движење на моторни возила кои влечат приклучно возило
- ☐ за исклучување на моторните возила од сообраќај на автопат

3 поени

441. (кат. Б)

На јавен пат наменет за сообраќај во две насоки, возачот е должен да го запре или паркира возилото:

- ☐ непосредно покрај десниот раб на коловозот во правецот на движењето
- ☐ покрај левиот раб на коловозот во правецот на движењето
- ☐ само покрај левиот раб на коловозот или доколку процени дека е побезбедно може и покрај десниот раб на коловозот

3 поени

442. (кат. Б)

За време на влечење на неисправно возило, сигурносниот триаголник се поставува:

- ☐ на предната страна на влечното возило, а на задната страна на возилото кое се влече
- ☐ само на предната страна на возилото кое влече друго возило
- ☐ само на задната страна на возилото кое се влече

3 поени

443. (кат. Б)

Лицата кои се превезуваат во приклучно возило што го влече трактор:

- ☐ треба да седат на страниците на товарниот сандак
- ☐ треба да седат на подот од товарниот сандак или на товарот, ако тој не ја преминува висината на страниците на товарниот сандак
- ☐ може да стојат на подот од товарниот сандак

3 поени

444. (кат. Б)

Со трактор што влече приклучно возило во кое се врши превоз на лица, може да управува само возач:

- ☐ кој е полнолетен
- ☐ кој има наполнето 25 години возраст
- ☐ кој има најмалку три години возачка дозвола, која дава право за управување со трактор

3 поени

445. (кат. Б)

Моторните возила што се поширoки од 1,3 метри, на задната страна мора да имаат два катадиоптери во црвена боја, кои не смеат да имаат облик на:

- ☐ триаголник
- ☐ правоаголник
- ☐ квадрат

3 поени

446. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Дали во населено место возачот може да го управува возилото со брзина поголема од 60 км на час:

- ☐ да, ако со сообраќаен знак така е дозволено
- ☐ да, само во помалите градови,каде што нема голема густина на сообраќајот
- ☐ да, доколку управувате возило кое е технички исправно

3 поени

447. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Патнички автомобил со пет или повеќе седишта треба да има најмалку:

- ☐ едно возачко огледало
- ☐ две возачки огледала
- ☐ три возачки огледала

3 поени

448. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Намалена видливост постои ако возачот не може јасно да ги воочи другите учесници во сообраќајот на пат во населено место, на оддалеченост од најмалку:

- ☐ 100 метри
- ☐ 150 метри
- ☐ 200 метри

3 поени

449. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Намалена видливост постои ако возачот не може јасно да ги воочи другите учесници во сообраќајот на пат надвор од населено место, на оддалеченост од најмалку:

- ☐ 200 метри
- ☐ 250 метри
- ☐ 300 метри

3 поени

450. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Слободниот простор над коловозот, сметајќи од највисоката точка на хоризонталната подлога мора да биде во висина од најмалку:

- ☐ 3,5 метри
- ☐ 4,5 метри
- ☐ 5,5 метри

3 поени

451. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Најголема дозволена должина на патничко возило изнесува:

- ☐ 4 метри
- ☐ 6 метри
- ☐ 8 метри

3 поени

452. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Најголема дозволена височина на сите возила изнесува:

- ☐ 3 метри
- ☐ 4 метри
- ☐ 5 метри

3 поени

453. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Патнички автомобил не сметајќи го седиштето на возачот има најмногу:

- ☐ 4 седишта
- ☐ 5 седишта
- ☐ 8 седишта

3 поени

454. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Најголема дозволена маса на возилата на моторен погон или група возила, изнесува до:

- ☐ 35 тони
- ☐ 40 тони
- ☐ 45 тони

3 поени

455. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Што се подразбира под поимот зимски услови на патот:

- ☐ ако постои опасност од појава на воден клин
- ☐ ако на патот има вода
- ☐ ако на патот има снег и голомразица

3 поени

456. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Светлосниот сноп на соборените светла пред возилото треба да осветлува дел од патот од најмалку:

- ☐ 30 метри
- ☐ 40 метри
- ☐ 50 метри

3 поени

457. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Возачка книшка е јавна исправа што ја издава надлежен орган во која се запишуваат:

- ☐ податоци за изминати километри во текот на месецот
- ☐ негативни бодови за прекршоци од областа на сообраќајот на патиштата
- ☐ податоци за сервисирањето на возилото

3 поени

458. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
За регистрирано возило се издава сообраќајна дозвола со рок на важење од:

- ☐ шест месеци
- ☐ една година
- ☐ две години

3 поени

459. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Со возачка дозвола за поткатегорија “А1“ може да се стекне лице кое има наполнето:

- ☐ 15 години возраст
- ☐ 16 години возраст
- ☐ 17 години возраст

3 поени

460. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
За непочитување на правните норми со кои се регулирани односите во сообраќајот, возачот подлежи на:

- ☐ санкција определена од надлежен државен орган
- ☐ морална осуда и санкција изречена од инспекција на патиштата
- ☐ презир и осуда од учесниците во сообраќајот

3 поени

461. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Должината на сопирниот пат на возилото, зависи од:

- ☐ страната по која возилото се движи на коловозот
- ☐ масата односно тежината на возачот кој управува со возилото
- ☐ брзината на движењето на возилото

3 поени

462. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Должината на сопирниот пат на возилото се зголемува кога:

- ☐ сопираме со возилото на влажен коловоз
- ☐ сопираме со возилото на сосема сув коловоз
- ☐ сопираме со возилото на рапава подлога на коловозот

3 поени

463. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Работната сопирачка кај патничките автомобили е изведена така да делува:

- ☐ на двете предни тркала на возилото
- ☐ на двете задни тркала на возилото
- ☐ на сите четири тркала на возилото

3 поени

464. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Помошната (рачна) сопирачка кај патничките автомобили, сопирањето го врши по:

- ☐ механички принцип и делува на две тркала од возилото
- ☐ воздушен принцип и делува на десните тркала на возилото
- ☐ хидрауличен принцип и делува на левите тркала на возилото

3 поени

465. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
На места предвидени за движење на лица со посебни потреби, возачот со возилото не смее:

- ☐ да запре, а смее да паркира
- ☐ да паркира, а смее да запре
- ☐ да запре или паркира

3 поени

466. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Возачот на моторно возило за време на управување со возилото:

- ☐ не смее да користи мобилен телефон
- ☐ смее да користи мобилен телефон, ако при тоа се употребува направа која овозможува користење на истиот без употреба на раце
- ☐ нема никакви ограничувања за користење мобилен телефон

3 поени

467. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Кое лице самостојно може да управува моторно возило во сообраќајот:

- ☐ лице кое поседува важечка возачка дозвола за категоријата на возилото кое го управува
- ☐ лице кое поседува сообраќајна дозвола за возилото
- ☐ лице кое поседува потврда од автошкола за оспособеност

3 поени

468. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
За возилата под придружба одредбите од законот за ограничување на брзината:

- ☐ се применуваат
- ☐ не се применуваат
- ☐ се применуваат, само ако се движат во населено место

3 поени

469. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Возачот на возило, кој ќе биде престигнат од возила под придружба, должен е:

- ☐ да продолжи со движење со непроменета брзина
- ☐ да го запре возилото
- ☐ да ја намали брзината и да ги вклучи сите четири покажувачи на правците

3 поени

470. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Пробни таблички за возилата, издава:

- ☐ Министерство за транспорт и врски
- ☐ Агенцијата за државни патишта
- ☐ Министерство за внатрешни работи

3 поени

471. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Во моторно возило означено со пробни таблички:

- ☐ не смее да се превезуваат други лица и товар
- ☐ смее да се превезуваат лица, колку што има вградени седишта
- ☐ смее да се превезува товар, кој не е потежок од 300 кг

3 поени

472. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Прекршочната санкција забрана за управување со моторно возило на возачот може да му се изрече во период:

- ☐ од три до 24 месеци
- ☐ од три до 18 месеци
- ☐ од 30 дена до 12 месеци

3 поени

473. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Возачите учесници во сообраќајна незгода во која е предизвикана мала материјална штета, должни се:

- ☐ да не ги поместуваат возилата и да ја известат полицијата
- ☐ да ја известат надлежната служба за одржување на патиштата
- ☐ веднаш да ги отстранат возилата од коловозот, да овозможат непречено одвивање на сообраќајот и да го пополнат и потпишат Европскиот извештај за сообраќајна незгода

3 поени

474. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Возач-почетник кој поседува возачка дозвола од категорија „Б“, на автопат не смее да се движи со брзина поголема од:

- ☐ 80 км/ч
- ☐ 90 км/ч
- ☐ 100 км/ч

3 поени

475. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Возач-почетник кој поседува возачка дозвола од категорија „Б“, на пат резервиран за сообраќај на моторни возила не смее да се движи со брзина поголема од:

- ☐ 80 км/ч
- ☐ 70 км/ч
- ☐ 60 км/ч

3 поени

476. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Одобрение за спортски и други приредби на пат, издава:

- ☐ Министерство за транспорт и врски
- ☐ Министерство за внатрешни работи
- ☐ надлежен орган во локална самоуправа

3 поени

477. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Во патничко моторно возило на предното седиште не смее да се превезува дете, помало од:

- ☐ 8 години
- ☐ 10 години
- ☐ 12 години

3 поени

478. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
На велосипед, велосипед со мотор, мопед, лесен трицикл, трицикл, лесен четирицикл и четирицикл смее да се превезува дете ако има навршено најмалку:

- ☐ 12 години возраст и ако го опчекорило посебното седиште
- ☐ 8 години возраст
- ☐ 10 години возраст

3 поени

479. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Велосипедската патека е наменета за сообраќај:

- ☐ само за велосипеди
- ☐ за велосипеди, велосипеди со мотор и мопеди
- ☐ само за велосипеди и пешаци

3 поени

480. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Ако двајца или повеќе возачи на велосипед или велосипед со мотор се движат во група, должни се:

- ☐ да се движат паралелно еден до друг
- ☐ да се движат еден по друг
- ☐ да се движат еден покрај друг со растојание помеѓу нив од најмалку еден метар

3 поени

481. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
На пат со велосипед може да управува лице кое има навршено:

- ☐ 10 години возраст
- ☐ 9 години возраст
- ☐ 8 години возраст

3 поени

482. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Со мопед не смеете да се движите на пат со брзина поголема од:

- ☐ 60 км/час
- ☐ 50 км/час
- ☐ 45 км/час

3 поени

483. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Непосредно пред крстосница, возачот не смее да престигнува друго возило освен:

- ☐ трактор
- ☐ мотокултиватор
- ☐ велосипед, велосипед со мотор и мотоцикл без странична приколка

3 поени

484. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Кога сообраќајните знаци поставени на патот отстапуваат од прописите за правилата во сообраќајот, возачите се должни:

- ☐ да постапуваат според правилата во сообраќајот
- ☐ да постапуваат по сопствена проценка без обврска за почитување на сообраќајните знаци
- ☐ да постапуваат во согласност со сообраќајните знаци

3 поени

485. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Кога униформираниот полициски службеник дава знаци или наредби што отстапуваат од прописите за правилата во сообраќајот или од поставените сообраќајни знаци, возачите се должни:

- ☐ да постапуваат според правилата во сообраќајот
- ☐ да постапуваат според знаците или наредбите на униформираниот полициски службеник
- ☐ да постапуваат во согласност со сообраќајните знаци

3 поени

486. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Возачот најбезбедно и најефикасно ќе го запре возилото:

- ☐ со употреба на работната сопирачка
- ☐ со употреба на помошната сопирачка
- ☐ со помош на моторно кочење

2 поени

487. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Светлосните сигнали за предупредување на другите учесници во сообраќајот, возачот ги дава:

- ☐ само ноќе
- ☐ само дење
- ☐ ноќе и дење

2 поени

488. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

На тротоар, доколку е дозволено запирање и паркирање на возилото, возачот е должен да остави слободен простор за движење на пешаците во широчина:

- ☐ од 2 метри
- ☐ од 1,6 метри
- ☐ од 1 метар

2 поени

489. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Употреба на светлата на возилото во сообраќај на пат задолжителна е:

- ☐ само ноќе
- ☐ дење и ноќе
- ☐ ноќе и дење само кога возилото се движи надвор од населено место

2 поени

490. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Во сообраќај на пат, дење и ноќе, возачот на возилото задолжително треба да ги има вклучено, најмалку:

- ☐ соборените светла
- ☐ долгите светла
- ☐ позиционите светла

2 поени

491. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Кои светла возачот на возилото ќе ги употреби, кога ноќе се движи во колона на возила:

- ☐ долгите светла
- ☐ светлата за означување на возилото
- ☐ соборените светла

2 поени

492. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Во услови на магла, возачот на возилото задолжително треба да ги има вклучено:

- ☐ долгите светла за осветлување на патот
- ☐ соборените светла и светлата за магла
- ☐ само светлата за означување на возилото

2 поени

493. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Возилата не смеат на предната страна да имаат светлосни или светлосно-сигнални уреди што даваат светлост во:

- ☐ бела боја
- ☐ црвена боја
- ☐ жолта боја

2 поени

494. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Бојата на светлото на покажувачите на правецот (трепкачите) е во:

- ☐ црвена боја
- ☐ жолта боја
- ☐ бела боја

2 поени

495. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Моторните возила кога учествуваат во сообраќај на пат надвор од населено место, треба да поседуваат пропишана зимска опрема во период од:

- ☐ 22 декември до 22 март
- ☐ 15 ноември до 15 март
- ☐ 15 октомври до 15 април

2 поени

496. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Приколката која ја влече велосипед, велосипед со мотор и мотоцикл, не смее да биде поширока од:

- ☐ ширината на возилото која ја влече
- ☐ 1,5 метри
- ☐ еден метар

2 поени

497. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Лице кое ќе се затекне или ќе наиде на сообраќајна незгода во која има повредени лица, има обврска:

- ☐ да им укаже помош на повредените лица
- ☐ само да ја извести најблиската полициска патрола
- ☐ нема никакви обврски бидејќи не е учесник во сообраќајната незгода

2 поени

498. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Возачот на кого му е издадена возачка дозвола од категорија “Б” има право да управува и со моторни возила кои спаѓаат во:

- ☐ националните категории „Ф”, „Г” и категорија „АМ”
- ☐ категорија „А”
- ☐ поткатегорија „А1”

2 поени

499. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Користењето на психоактивни лекови означени со црвен триаголник на амбалажата, пред и за време на управувањето со возилото на пат, кај возачот:

- ☐ ја зголемуваат концентрацијата и вниманието
- ☐ во голема мера ја намалуваат способноста за возење
- ☐ немаат никакво негативно влијание при возењето

2 поени

500. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Стоп светлата на задната страна на моторното возило се активираат при употреба на:

- ☐ помошната сопирачка на возилото
- ☐ работната сопирачка на возилото
- ☐ паркирната сопирачка на возилото

2 поени

501. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Организирана колона на пешаци кога се движи ноќе, надвор од населено место, треба да биде означена:

- ☐ на предната лева страна со едно бело светло, а на задната лева страна со едно црвено светло
- ☐ на предната лева страна со едно црвено светло, а на задната лева страна со едно бело светло
- ☐ само на предната страна со едно жолто светло

2 поени

502. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Возачот на возилото кога се движи ноќе на пат, за предупредување на другите учесници во сообраќајот, по правило треба да користи:

- ☐ звучни знаци
- ☐ светлосни знаци
- ☐ не смее да користи никакви знаци

2 поени

503. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Недоволниот притисок на воздух во пневматиците, освен што го отежнува управувањето со возилото, доведува и до:

- ☐ зголемен отпор при движењето, а со тоа се зголемува и потрошувачката на гориво
- ☐ намалување на отпорот при движењето, а со тоа се намалува абењето на гумите
- ☐ поголема стабилност на возилото и намалена потрошувачка на гориво

2 поени

504. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Од безбедносен аспект, подобри и посигурни се пневматиците:

- ☐ со внатрешна гума
- ☐ без внатрешна гума (тубелес)
- ☐ со клинци, поради подобро триење со подлогата на коловозот

2 поени

505. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Браниците кои се поставуваат на делови од коловозот на кој се изведуваат работи на патот, ноќе како и дење во случај на намалена видливост, се означуваат со:

- ☐ постојано светло во црвена боја
- ☐ трепкави светла во сина боја
- ☐ трепкави светла во портокалова боја

2 поени

506. (кат. Б)

На автопат возачот не смее да се движи со брзина поголема од:
(Впиши ја брзината во км/ч)

3 поени

507. (кат. Б)

На пат резервиран за сообраќај на моторни возила возачот не смее да се движи со брзина поголема од:
(Впиши ја брзината во км/ч)

3 поени

508. (кат. Б)

Во нормални услови на сообраќај, брзината на движење на моторните возила на јавен пат, не може со сообраќаен знак да се ограничи под:
(Впиши ја брзината во км/ч)

3 поени

509. (кат. Б)

На автопат не смеат да се движат моторни возила кои според своите конструкциски својства, не можат да се движат со брзина од најмалку:
(Впиши ја брзината во км/ч)

3 поени

510. (кат. Б)

На јавен пат брзината на движење на моторно возило кое влече друго неисправно возило, е ограничена на:
(Впиши ја брзината во км/ч)

3 поени

511. (кат. Б)

На јавен пат брзината на движење на патничко возило кое влече лесна приколка е ограничена на:
(Впиши ја брзината во км/ч)

3 поени

512. (кат. Б)

На јавен пат брзината на движење на трактори е ограничена на:
(Впиши ја брзината во км/ч)

3 поени

513. (кат. Б)

Возач почетник е возач на моторно возило по добивање на возачка дозвола, од одредена категорија во период од:
(Впиши во години)

3 поени

514. (кат. Б)

Возач почетник кој поседува возачка дозвола од “Б” категорија не смее да управува со возило чија сила на моторот е поголема од:
(Впиши во kw)

3 поени

515. (кат. Б)

На лица постари од 65 години, возачка дозвола им се издава со рок на важење од најмногу:
(Впиши во години)

3 поени

516. (кат. Б)

Прекршочна санкција забрана за управување со моторно возило од 6 до 12 месеци, ќе му се изрече на возачот кој во населено место се движи со брзина над дозволената, поголема од:
(Впиши ја брзината во км/ч)

3 поени

517. (кат. Б)

Прекршочна санкција забрана за управување со моторно возило од 6 до 12 месеци, ќе му се изрече на возачот кој надвор од населено место се движи со брзина над дозволената, поголема од:
(Впиши ја брзината во км/ч)

3 поени

518. (кат. Б)

На јавен пат во населено место возачот не смее со возилото да се движи со брзина поголема од:
(Впиши ја брзината во км/ч)

3 поени

519. (кат. Б)

Потребниот број на наставни часови за практично оспособување за кандидатот за возач за “Б“ категорија, изнесува:
(Впиши број на часови)

3 поени

520. (кат. Б)

Возач кој поседува важечка дозвола од “Б“ категорија смее да влече приклучно возило чија маса не надминува:
(Впиши во килограми)

3 поени

521. (кат. Б)

Технички преглед на моторни возила, кои не се постари од осум години се врши на:
(Впиши во години)

3 поени

522. (кат. Б)

Слободниот од на управувачкото тркало (волан) не смее да биде поголем од:
(Впиши во степени)

3 поени

523. (кат. Б)

Растојанието помеѓу влечното и влеченото возило, ако се влече со крута врска, изнесува најмногу до:
(Впиши во метри)

3 поени

524. (кат. Б)

Сообраќајната дозвола на возилото се продолжува со рок на важност од:
(Впиши во месеци)

3 поени

525. (кат. Б)

Стоп светла не мора да имаат моторни возила кои на рамен пат не можат да се движат со брзина поголема од:
(Впиши ја брзината во км/ч)

3 поени

526. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

При движење со патничко моторно возило, доколку наидете на водена површина на патот, а во близина има тротоар по кој се движат пешаци, треба:

- ☐ да забрзате со движењето
- ☐ да продолжите да се движите согласно дозволената брзина
- ☐ да ја намалите брзината и да ја одбегнете водената површина

2 поени

527. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

При наидување на пешачки премин со возилото треба:

- ☐ да ја намалите брзината и по потреба да запрете
- ☐ да ја зголемите брзината на движењето
- ☐ да продолжите да се движите согласно дозволената брзина

2 поени

528. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Доколку при движење со возилото, на пат забележите лице кое го поправа своето возило, потребно е:

- ☐ да ја зголемите брзината на движењето
- ☐ да продолжите со движењето согласно дозволената брзина на патот
- ☐ да застанете и да понудите помош

2 поени

529. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

При управување со возилото, доколку забележите дека некој возач со своето возило не управува согласно сообраќајните правилата и прописи, потребно е:

- ☐ да ја намалите брзината, внимателно да го одбегнете и по потреба да застанете
- ☐ да го следите возилото и да го предупредувате со звучен знак
- ☐ да воспоставите дијалог со возачот

2 поени

530. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Кога управувате со возило ноќно време, доколку од спротивната насока доаѓа возило со вклучени долги светла, потребно е:

- ☐ да ги вклучите и вашите долги светла
- ☐ да го предупредите со светлосен знак (аблендирање)
- ☐ да ги исклучите вашите светла

2 поени

531. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Доколку во сообраќај на пат се движите во колона на возила, потребно е:

- ☐ да ја прилагодите брзината на движењето според интензитетот на сообраќајот
- ☐ да возите со брзина согласно поставените сообраќајни знаци
- ☐ да ја зголемите брзината и започнете со престигнување

2 поени

532. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

При започнување со престигнување на возилото пред Вас, потребно е:

- ☐ да го предупредите возачот со звучен сигнал за да ја намали брзината
- ☐ внимателно да отпочнете со престигнувањето, откако сте се увериле дека е безбедно
- ☐ веднаш да го започнете престигнувањето без оглед на условите на патот

2 поени

533. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

При управување со возилото на пат, доколку наидете на сообраќајна незгода во која има повредени лица:

- ☐ внимателно ќе го поминете местото на незгодата
- ☐ ќе ја намалите брзината, без обврска да укажете помош
- ☐ ќе застанете за да им укажете прва помош на повредените и ќе повикате брза помош

2 поени

534. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Доколку чувствувате замор или се наоѓате во таква психофизичка состојба што се чувствувате несигурен за управување:

- ☐ може да управувате со возилото во придружба на искусен совозач
- ☐ може да управувате со возилото на кратки релации
- ☐ не смеете да започнете да управувате со возилото

2 поени

535. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Кога со возилото поминувате покрај училиште, градинка или здравствена установа, потребно е:

- ☐ да употребите звучен сигнал за предупредување
- ☐ да се движите со намалена брзина и зголемена претпазливост
- ☐ да продолжите со движењето со непроменета брзина

2 поени

536. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Доколку управувајќи со возилото на пат, наидете на домашно или диво животно, ќе постапите така што:

- ☐ ќе ја зголемите брзината за да го избегнете животното
- ☐ ќе употребите звучен сигнал, притоа не намалувајќи ја брзината
- ☐ внимателно ќе ја намалите брзината и ќе му дозволите на животното да се тргне од патот

2 поени

537. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Доколку во сообраќајот управувате сосема ново возило, тоа ви дава за право:

- ☐ да возите побрзо од дозволената брзина бидејќи возилото е ново
- ☐ да возите согласно вашата слободна проценка, без оглед на сообраќајните знаци
- ☐ да се движите согласно сообраќајните правила и прописи

2 поени

538. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Доколку управувајќи со возилото на пат наидете на лице кое се обидува да го отстрани своето неисправно возило од патот, ќе постапите:

- ☐ со звучен сигнал ќе му дадете до знаење дека неговото присуство пречи во нормалното одвивање на сообраќајот
- ☐ ќе го обиколите неговото возило
- ☐ ќе запрете за да му помогнете на лицето при остранување на возилото

2 поени

539. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Доколку при управување со Вашето возило пред вас забележите возило на авто школа означено со ознака „L“ треба да постапите така што:

- ☐ веднаш ќе го престигнете возилото без разлика на состојбата на патот
- ☐ ќе давате постојани и кратки звучни знаци со сирената на вашето возило
- ☐ ќе возите согласно дозволената брзина, ќе бидете толерантни и колегијални кон кандидатот за возач

2 поени

540. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Доколку пред Вашето возило забележите возило кое е управувано од постаро лице и го управува возилото со намалена брзина, ќе постапите на начин што:

- ☐ ќе давате звучни и светлосни сигнали кон возилото
- ☐ ќе бидете толерантни и ќе се движите согласно пропишаната брзина
- ☐ веднаш ќе пристапите кон престигнување на возилото

2 поени

541. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Немањето на слободно паркинг место на одреден паркинг, Ви дава за право своето возило:

- ☐ да го паркирате возилото позади друго возило кое се наоѓа на своето паркинг место
- ☐ воопшто да не паркирате на паркингот
- ☐ да паркирате на зелената површина која се наоѓа до паркингот

2 поени

542. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Во случај кога управувајќи со Вашето возило наидувате на зона во која е забранет сообраќај за моторни возила, ќе постапите на начин што:

- ☐ ќе продолжите со управување кон забранетата зона
- ☐ ќе продолжите со управување на возилото само во дозволената насока
- ☐ ќе го паркирате возилото пред влезот во забранетата зона

2 поени

543. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Доколку забележите дека Вашиот пријател кој е под дејство на алкохол, сака да управува со своето возило, ќе постапите на начин што:

- ☐ ќе му дозволите да управува со возилото на негова одговорност
- ☐ ќе бидете совозач за полесно да управува со возилото
- ☐ нема да му дозволите да управува со возилото

2 поени

544. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Обврската на возачот за почитување на сообраќајната сигнализација се однесува:

- ☐ за урбани средини
- ☐ за рурални средини
- ☐ секаде каде што е поставена и означена

2 поени

545. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Употребата на трепкачи е задолжителна:

- ☐ при промена на правецот и насоката на движење
- ☐ само при управување со возилото во урбани средини
- ☐ само при управување со возилото надвор од населено место

2 поени

546. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Доколку со Вашето возило управувате во друга држава, дозволено Ви е:

- ☐ да возите по своја слободна проценка согласно Уставот на Република Македонија
- ☐ да возите со поголема брзина од дозволената согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата на Република Македонија
- ☐ да возите согласно поставената сообраќајна и патна сигнализација во таа држава

2 поени

547. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

При движење со возило на пат, возачот и лицата кои се превезуваат, не треба да бидат врзани со сигурносен појас, само кога возилото:

- ☐ се движи наназад, на паркиралиште или кога се движи со брзина на човечки од
- ☐ се движи по магистрален пат
- ☐ се движи по автопат

2 поени

548. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Со еден промил алкохол во крвта, возачот може да управува со моторното возило:

- ☐ само до дома
- ☐ само до најблиската здравствена установа
- ☐ не смее да управува со возилото

2 поени

549. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Кога во Вашето возило се превезува дете на возраст над 12 години, употребата на сигурносниот појас за детето е задолжителна:

- ☐ само кога седи на предното седиште
- ☐ само кога седи на задното седиште
- ☐ кога седи на седиште на кое има вградено сигурносен појас

2 поени

550. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Кога при движење на пат со Вашето возило наидувате на возила означени со ротирачко светло во сина боја, треба да им отстапите првенство на минување:

- ☐ само во населено место
- ☐ само кога даваат светлосни и звучни сигнали
- ☐ само надвор од населено место

2 поени

551. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Доколку возилата покрај вас се движат со брзина поголема од пропишаната за тој дел од патот, ќе постапите на начин што:

- ☐ ќе продолжите да се движите согласно пропишаната брзина
- ☐ ќе ја прилагодите брзината на движењето со тие возила
- ☐ ќе ги предупредите со звучен сигнал да ја намалат брзината

2 поени

552. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Свеста како највисок облик на психофизичкиот живот на човекот, во сообраќајот подразбира:

- ☐ управување на возилото по свое лично убедување
- ☐ управување на возилото со јасна, реална и целосна слика за сообраќајните ситуации
- ☐ управување на возилото по секоја цена на ризик, доколку возачот има неопходна потреба

2 поени

553. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Грижата за оптимална безбедност во патниот сообраќај претставува:

- ☐ грижа на возачот за возилото
- ☐ грижа кон сите учесници во сообраќајот
- ☐ грижа на возачот за самиот себе

2 поени

554. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Улогата на семејството во развивањето на сообраќајната свест кај возачот:

- ☐ има мало и негативно влијание
- ☐ има големо и позитивно влијание
- ☐ нема никакво влијание

2 поени

555. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Улогата на воспитно-образовната установа во развивањето на сообраќајната свест кај возачот:

- ☐ има мало и негативно влијание
- ☐ има големо и позитивно влијание
- ☐ нема никакво влијание

2 поени

556. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Човечкиот и возачкиот интегритет, можат да се зачуваат со:

- ☐ креативно однесување во сообраќајот
- ☐ своеволно однесување во сообраќајот
- ☐ несовесно однесување во сообраќајот

2 поени

557. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Концетрирано возење, претставува:

- ☐ внимателно и практично управување со возилото
- ☐ невнимателно управување со возилото
- ☐ штетно управување со возилото

2 поени

558. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Демонстрирањето на „сила“ во патниот сообраќај е дозволено во случај:

- ☐ кога управувате со возилото во зголемена густина на сообраќајот
- ☐ кога брзате да стигнете на одреден настан
- ☐ не е дозволена демонстрација на „сила“ во никој случај

2 поени

559. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Во состојба на поднапиеност управувањето со возилото е:

- ☐ полесно
- ☐ побезбедно
- ☐ небезбедно и опасно

2 поени

560. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Правилото „кога пиеш не вози, додека возиш не пиј“ важи само за:

- ☐ возачи-почетници
- ☐ сите учесници во патниот сообраќај
- ☐ постарите учесници во патниот сообраќај

2 поени

561. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Сообраќајниот морал како облик на општествена свест, претставува:

- ☐ рационално, достоинствено и разумно постапување во сообраќајот
- ☐ неетичко управување во сообраќајот
- ☐ управување по своеволна процена

2 поени

562. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Употребата на психо-активни лекови влијае врз возачот, на начин што:

- ☐ ја зголемува способноста за управување на возилото
- ☐ ја намалува способноста за управување на возилото
- ☐ не влијае врз управувањето на возилото

2 поени

563. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Сообраќајното образование и воспитание започнува да се применува:

- ☐ со почетокот на оспособувањето за добивање на возачка дозвола
- ☐ откако ќе добиете возачка дозвола
- ☐ од најрана возраст

2 поени

564. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Вербалната комуникација меѓу возачите додека управуваат со моторно возило, е:

- ☐ недозволена
- ☐ неопходна при престројување пред крстосница
- ☐ значајна за договарање на редоследот на минување пред крстосница

2 поени

565. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Улогата на човечката личност во современиот патен сообраќај, се јавува како:

- ☐ битен фактор за безбедноста во сообраќајот
- ☐ безначаен фактор за безбедноста во сообраќајот
- ☐ нема никакво влијание во безбедноста во сообраќајот

2 поени

566. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Доколку при управување со возилото наидете на пешачки премин, на кој поминува старо и изнемоштено лице, ќе постапите на начин што:

- ☐ ќе поминете со возилото пред пешакот, бидејќи бавно се движи
- ☐ ќе почекате да го премине пешачкиот премин
- ☐ со звучен сигнал ќе го предупредите побрзо да го помине пешачкиот премин

2 поени

567. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Вербалниот конфликт меѓу возачите кога управуваат со возилата, е дозволен во случај кога:

- ☐ едниот возач брза да стигне на одредено место
- ☐ се убедуваат кој правилно ги применува сообраќајните правила и прописи
- ☐ не е дозволен во никој случај

2 поени

568. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Размислувањето однапред во сообраќајната практика при управување со возилото, претставува:

- ☐ штетно дејствие, бидејќи се загрозува безбедноста во сообраќајот
- ☐ корисно дејствие, бидејќи се врши правилна проценка за одредени ситуцаии кои влијаат врз безбедноста на сообраќајот
- ☐ непрактично дејствие, без особено влијание за безбедноста во сообраќајот

2 поени

569. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Хуманите односи во сообраќајот треба да ги применувате:

- ☐ секогаш и секаде
- ☐ само доколку возите во урбана средина
- ☐ само доколку возите во рурална средина

2 поени

570. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Правилното растојание меѓу возилата како предуслов за безбедност во патниот сообраќај, важи само доколку управувате:

- ☐ на автопат
- ☐ на магистрален пат
- ☐ секаде без разлика на патот

2 поени

571. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Доколку при управување со возилото на пат Ви е даден знак од страна на сообраќајната полиција да запрете, ќе постапите така што:

- ☐ со краток звучен сигнал со сирената ќе ги поздравите полицајците
- ☐ со аблендирање со светлата ќе ги поздравите полицајците
- ☐ ќе ја намалите брзината на возилото и ќе застанете

2 поени

572. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Доколку управувате со возилото во населено место каде брзината на движење е ограничена на 50 км/час, Вие можете да се движите:

- ☐ и со поголема брзина ако сообраќајот не е интензивен
- ☐ само согласно пропишаната брзина
- ☐ и со брзина до 80 км/час, доколку имате итна работа

2 поени

573. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Сообраќајната полиција во прв ред е задолжена за:

- ☐ изрекување на глоби на возачите
- ☐ контрола и регулирање на сообраќајот на патиштата
- ☐ давање правни совети на возачите на моторни возила

2 поени

574. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Доколку при управување со возилото на пат слушате гласна музика, тоа ќе Ви овозможи:

- ☐ поголема концетрација при возењето
- ☐ останатите учесници во сообраќајот полесно да Ве забележат
- ☐ намалена сетилна перцепција со задоцнета и несоодветна реакција

2 поени

575. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
На црвено светло на семафорот можете да поминете само кога:

- ☐ нема возила и пешаци на раскрсницата
- ☐ имате брза и неодложна потреба да пристигнете на некое место
- ☐ не смеете во никој случај да поминете на црвено светло

2 поени

576. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
На делница од пат на кој постојат ударни дупки, потребно е:

- ☐ да го забрзате возилото со цел побрзо поминување на делницата
- ☐ да ја намалите брзината на движење според условите на патот
- ☐ да управувате со возилото со маневрирање лево и десно

2 поени

577. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Времето на реакција при сопирање на возило за просечен возач, при добра психофизичка состојба изнесува:

- ☐ 3 – 4 секунди
- ☐ 1 – 3 секунди
- ☐ 3/4 од секунда

2 поени

578. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Ако сте во опасна ситуација да имате директен судар со друго возило, побезбедно е да:

- ☐ го пуштите управувачот и ги покриете очите и главата со раце, со цел да ги заштитите од повреди
- ☐ започнете со сопирање и вртење на управувачот на лева страна
- ☐ веднаш да свртите на десна страна и започнете со сопирање

2 поени

579. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Коефициентот на триење на пневматиците со коловозот, зависи од:

- ☐ видот и состојбата на пневматиците на возилото
- ☐ видот и типот на возилото со кое управувате на патот
- ☐ меѓуоскиното растојание на тркалата на возилото

2 поени

580. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Ако Вашиот противпожарен апарат не функционира, а возилото е опожарено, потребно е:

- ☐ да седите во возилото и чекате да пристигне помош
- ☐ веднаш да превземете други соодветни мерки за гаснење на огнот
- ☐ да го стартувате моторот и чекате системот за ладење да го изгасне огнот

2 поени

581. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Кога возачот пред Вас управува со возилото со мала брзина:

- ☐ ќе бидете трпеливи и на безбедно место за престигнување ќе го престигнете
- ☐ ќе го предупредите со краток звучен знак да се движи побрзо
- ☐ ќе се приближите позади него и со долг звучен знак истиот ќе го забрзувате

2 поени

582. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)
Кога со своето неетичко поведение, Ве нервира друг учесник во сообраќајот, Вие:

- ☐ ќе се контролирате и нема да возвратите
- ☐ ќе му возвратите соодветно на неговото однесување
- ☐ ќе го пријавите на телефонскиот број 192

2 поени

583. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Еден од начините да избегнете судир со возило кое се движи пред Вас, е:

- ☐ да возите секогаш пред другите возила, никако позади нив
- ☐ да ја прилагодите брзината на движење на возилото според условите и состојбите на патот и да држите безбедно растојание
- ☐ да го управувате возилото на растојание од пет метри, така што ќе бидете подготвени за ненадејно сопирање

2 поени

584. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Дефанзивно возење е:

- ☐ зголемено внимание и управување со возилото со поголема брзина од ограничената брзина на патот
- ☐ зголемено внимание и управување со возилото согласно ограничената брзина на патот, високо ниво на сетилна перцепција на возачот и анализа на условите и ситуацијата на патот на начин што ќе ги предвиди потенцијалните опасности
- ☐ доверба во другите учесници во сообраќајот

2 поени

585. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Кога се наближувате позади возило кое се движи споро, треба да:

- ☐ се приближите близу до возилото пред Вас и го принудите да забрза
- ☐ со звучен знак или светлосен сигнал да го предупредите да забрза
- ☐ одржувате безбедно растојание и на дозволено место да го престигнете

2 поени

586. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Откако ќе ја промените сообраќајната лента на движење, следното дејствие што треба да направите е:

- ☐ да вршите притисок на возилото кое се движи пред Вас за да Ви се тргне од патот
- ☐ да возите брзо по друга слободна сообраќајна лента на коловозот
- ☐ да возите внимателно без да ги попречувате другите учесници во сообраќајот

2 поени

587. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Во случај кога возите по улица и забележите топка како се тркала пред Вашето возило, Вие треба:

- ☐ да продолжите со возење, бидејќи знаете дека топката не е пречка за возилото со кое управувате
- ☐ да ја намалите брзината и по потреба да застанете, бидејќи постои веројатност дека дете ќе истрча по топката
- ☐ да забрзате и да поминете побрзо, бидејќи така ќе го избегнете детето да не се најде пред Вашето возило

2 поени

588. (кат. Б)

За да бидете подготвени за итно превземање дејствие со возилото, Вашите раце треба да бидат поставени на управувачот во позиција на стрелките на часовникот:

- ☐ 12 часот и 10 минути
- ☐ 09 часот и 10 минути
- ☐ 06 часот и 40 минути

2 поени

589. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

За да обиколите возило кое е оставено на десната страна од патот, Вие треба:

- ☐ да употребите работна сопирачка и по потреба паркирна сопирачка заради целосно сопирање на возилото со кое управувате
- ☐ да употребите работна сопирачка заради целосно сопирање на возилото и се вратите назад
- ☐ откако претходно ќе се уверите дека левата сообраќајна лента е слободна, истото да го обиколите

2 поени

590. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Ако од некоја причина Ви откажат сопирачките, Вие треба:

- ☐ да свртите нагло десно и да оставите возилото само да запре
- ☐ да свртите лево и дозволите возилото само да запре
- ☐ да ја промените брзината на движењето во помал степен на пренос, периодично да притискате на работната сопирачка и употребите помошна сопирачка и пронајдете погодно место од десна страна на патот каде би можеле безбедно да запрете

2 поени

591. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Ако во текот на возењето Ви пукне предна гума на возилото, Вие треба:

- ☐ нагло да притиснете на работната сопирачка и да го запрете возилото
- ☐ да не користите сопирачка, одржувате контрола на управување со возилото се до негово сопирање на десната страна покрај патот
- ☐ да вртите во насока во која Ве влече возилото, да запрете и проверите во каква состојба се другите пневматици

2 поени

592. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Ако Ве заслепува или Ви смета блесокот од светлина од возилото кое Ви доаѓа од спротивната насока ноќе, Вие треба:

- ☐ да го вртите погледот и да гледате на лева страна
- ☐ да гледате надолу најмалку три секунди
- ☐ да го држите погледот напред кон десна страна

2 поени

593. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Доколку на пат управувате со возило со поголема брзина и неочекувано пред Вас се појави животно, правилно ќе реагирате ако:

- ☐ ја зголемувате брзината на движење на возилото и го вртите управувачот на возилото лево или десно со намера да го избегнете животното, притоа употребувајќи долги звучни знаци
- ☐ ја намалувате брзината на движење на возилото и ќе употребите краток звучен знак, а по потреба го вртите управувачот на возилото лево или десно
- ☐ силно го стегнете управувачот на возилото, не го менувате правецот на движење и ќе употребите сопирачка за да ја намалите брзината, по можност да сопрете

2 поени

594. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Причина да не управувате со возило со брзина над дозволената, е:

- ☐ можната глоба пропишана со Закон за соодветниот прекршок
- ☐ зголемена потрошувачка на гориво
- ☐ намалена можност за случување сообраќајна незгода

2 поени

595. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

За безбедно управување со моторно возило на пат за возачот, важни се:

- ☐ стекнатите знаења и вештини за управување со моторно возило, како и познавањето и почитувањето на сообраќајните правила и прописи
- ☐ интуицијата и способноста да се предвиди опасноста на патот
- ☐ позитивните карактерни особини на личноста, моменталното расположение и физичката подготвеност

2 поени

596. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Под слепо место на возилото, односно т.н „мртов агол“ подразбираме:

- ☐ простор кој се наоѓа до 15 метри зад возилото
- ☐ простор кој се наоѓа пред возилото
- ☐ простор кој се наоѓа странично од возилото и е непрегледен за возачот од нормална седечка положба и не е видлив на внатрешното, исто како и на страничните надворешни огледала на возилото

2 поени

597. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Кога тргнувате на подолго патување со Вашето возило, најдобро е:

- ☐ да сте одморени
- ☐ да набавите поголема количина кафе и чај
- ☐ да земете психоактивни лекови за смирување

2 поени

598. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Пред тргнување на пат, должноста за проверка на исправноста на возилото и неговата задолжителна пропишана опрема, е на:

- ☐ овластениот сервис во кој се сервисира возилото
- ☐ возачот кој ќе управува со возилото на пат
- ☐ униформираните полициски службеници кои го регулираат и контролираат сообраќајот на патиштата

2 поени

599. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Ако почувствувате премореност во текот на ноќното возење со надоаѓачки микросон, веднаш треба:

- ☐ да се исклучите од патот и да се одморите
- ☐ да продолжите со возење до најблиското населено место
- ☐ да конзумирате енергетски пијалоци или други стимуланси кои ќе Ве одржат будни

2 поени

600. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

При промена на сообраќајната лента со возилото заради побрзо движење на автопат, треба да внимавате на опасност од:

- ☐ минување на пешаци
- ☐ наидување на возила од спротивната насока
- ☐ возилата кои се движат зад Вас

2 поени

601. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Сообраќајниот знак за опасност (како на сликата) ги предупредува возачите, дека наидуваат на:

- ☐ опасна кривина надесно
- ☐ опасна кривина налево
- ☐ лизгав коловоз

4 поени

602. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Според поставените сообраќајни знаци, на овој дел од патот (како на сликата) возачите наидуваат на:

- ☐ нерамен коловоз поради издаденост (превалец) на патот и забрана за престигнување на сите возила на моторен погон
- ☐ вдлабнатини на патот и забрана за обиколување на возилата
- ☐ опасна нагорнина и престанок на забраната за престигнување

4 поени

603. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Сообраќајниот знак прикажан на сликата ги предупредува учесниците во сообраќајот, дека наидуваат на:

- ☐ пат наменет за сообраќај во двете насоки
- ☐ пат со еднонасочен сообраќај
- ☐ крстосување на пат со првенство на минување

4 поени

604. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Поставениот сообраќаен знак прикажан на сликата, ги предупредува учесниците во сообраќајот, дека наидуваат на:

- ☐ опасна нагорнина
- ☐ опасна кривина надесно
- ☐ опасна надолнина

4 поени

605. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Сообраќајниот знак прикажан на сликата во комбинација со дополнителната табла, ги предупредува учесниците во сообраќајот дека наидуваат:

- ☐ на лизгав коловоз за време на дожд и снег
- ☐ на дел од патот со неутврдена банкина за време на дожд и снег
- ☐ на колона запрени возила за време на дожд и снег

4 поени

606. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Сообраќајниот знак за опасност прикажан на сликата во комбинација со дополнителната табла, означува:

- ☐ двојна кривина или повеќе кривини едноподруго од кои првата е налево, на оддалеченост од 1000 метри од поставениот знак
- ☐ двојна кривина во должина од 1000 метри
- ☐ повеќе кривини едноподруго од кои првата е надесно на 1000 метри

4 поени

607. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Сообраќајниот знак прикажан на сликата означува:

- ☐ премин на пат преку железничка пруга без браници или полубраници
- ☐ приближување кон премин на патот преку железничка пруга со браници или полубраници
- ☐ приближување кон трамвајска пруга

4 поени

608. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)



Според поставените сообраќајни знаци прикажани на сликата, возачот на возилото:

- ☐ должен е да запре пред стоп линијата и да продолжи во насока десно
- ☐ не е должен да запре пред стоп линијата бидејќи нема пешаци на преминот
- ☐ мора да запре пред стоп линијата само доколку по патот на кој се вклучува се движат возила

4 поени

609. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Поставените сообраќајни знаци од десната страна на патот (како на сликата) имаат значење:

- ☐ забрането запирање и паркирање и забранет сообраќај за пешаци
- ☐ забрането паркирање и патека за пешаци
- ☐ наизменично паркирање и опасност од пешаци на патот

4 поени

610. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Сообраќајниот знак како на сликата на овој дел од патот означува:

- ☐ престанување на ограничување на брзината на движење
- ☐ престанување на сите забрани
- ☐ престанување на забраната за престигнување на сите возила на моторен погон освен на мопеди

4 поени

611. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Кон сообраќајниот знак “Назив на населено место“ (како на сликата), додаден е знак за ограничување на брзината, кој важи:

- ☐ за целата населба, односно населеното место
- ☐ до првата раскрсница во населеното место
- ☐ во должина од 150 метри од местото на поставениот знак

4 поени

612. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Според поставениот сообраќаен знак за известување од десната страна на коловозот (како на сликата), се вклучувате:

- ☐ на пат со еднонасочен сообраќај
- ☐ на пат за сообраќај во двете насоки
- ☐ на споредeн пат

4 поени

613. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

На поставениот сообраќаен знак “Назив на населено место“ (како на сликата) му се додадени сообраќајните знаци за изрични наредби, кои означуваат:

- ☐ најмала дозволена брзина и престанок на сите забрани
- ☐ ограничување на брзината и забрана за паркирање
- ☐ број на патот и забрана за запирање и паркирање

4 поени

614. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Според поставениот сообраќаен знак (како на сликата) патничкото возило се движи:

- ☐ на пат со првенство на минување
- ☐ на споредeн пат
- ☐ на пат од иста важност со патот со кој се крстосува

4 поени

615. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Сообраќајниот знак поставен од десната страна на патот над знакот за известување, означува забрана на сообраќај за возилата:

- ☐ чија вкупна широчина преминува три метри
- ☐ чија должина преминува три метри
- ☐ чија вкупна висина преминува три метри

4 поени

616. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Според поставените сообраќајни знаци (како на сликата) возачот на возилото:

- ☐ должен е да се движи со брзина до 40 км/час и не смее да помине без да запре, поради патарина
- ☐ должен е да се движи со брзина поголема од 40 км/час, без обврска да запре на патаринатa
- ☐ должен е да се движи со препорачаната брзина на знакот, кон царинската контрола

4 поени

617. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Според поставените сообраќајни знаци (како на сликата) возачот на возилото наидува на дел од автопатот, на кој:

- ☐ постои опасност од лизгав коловоз и забрана за обиколување на товарни возила
- ☐ постои опасност од превртување на возилата и забрана на сообраќај за товарни возила
- ☐ постои опасност од колона запрени возила и забрана за престигнување за товарни возила

4 поени

618. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Забраната која ја изрекуваат сообраќајните знаци (прикажани на сликата) започнува од местото каде што се поставени и има важност:

- ☐ до првата раскрсница
- ☐ во должина до 150 метри зад поставените сообраќајни знаци
- ☐ во должина до 250 метри зад поставените сообраќајни знаци

4 поени

619. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

На овој дел од патот, забраната за престигнување на сите возила на моторен погон, за возачите започнува да се применува:

- ☐ по изминати 150 метри од патот зад поставениот сообраќаен знак
- ☐ од местото на поставениот сообраќаен знак
- ☐ по изминати 250 метри од патот зад поставениот сообраќаен знак

4 поени

620. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Патничкото возило прикажано на сликата на овој дел од патот се движи:

- ☐ прописно, бидејќи нема возила од спротивната насока
- ☐ непрописно, бидејќи се движи во спротивна насока
- ☐ прописно, поради поголема прегледност при управување со возилото

4 поени

621. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Сообраќајниот знак прикажан на сликата припаѓа во групата на знаци:

- ☐ за изрични наредби
- ☐ за известување
- ☐ за опасност

4 поени

622. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Патничкото возило прикажано на сликата:

- ☐ смее да изврши свртување налево на крстосницата
- ☐ не смее да изврши свртување надесно на крстосницата
- ☐ не смее да изврши свртување налево на крстосницата

4 поени

623. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Сообраќајниот знак прикажан на сликата, надвор од населено место се поставува на оддалеченост:

- ☐ од 150 до 250 метри пред опасното место на патот
- ☐ на 100 метри пред опасното место
- ☐ од 40 до 80 метри пред опасното место

4 поени

624. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Сообраќајниот знак прикажан на сликата припаѓа во групата на знаци:

- ☐ за обврски
- ☐ за известување
- ☐ за опасност

4 поени

625. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Сообраќајниот знак за изрични наредби прикажан на сликата, им дава до знаење на учесниците во сообраќајот за:

- ☐ најмалата дозволена брзина со која треба да се движат
- ☐ ограничување на брзината на движење на возилата
- ☐ брзина која се препорачува на овој дел од патот

4 поени

626. (кат. А,А1,Б,М,Ф,Г)

Сообраќајниот знак прикажан на сликата со три црвени коси линии, се поставува:

- ☐ на 240 метри пред преминот на патот преку железничка пруга
- ☐ на 500 метри пред преминот на патот преку железничка пруга
